Group of States against Corruption
Groupe d'États contre la corruption

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Усвојување: 1 декември 2023 година

**Доверливо**

GrecoRC4(2023)21

# ЧЕТВРТ КРУГ НА ЕВАЛУАЦИЈА

Спречување корупција кај пратениците, судиите и обвинителите

# ВТОР АДЕНДУМ НА ВТОРИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Усвоен од страна на ГРЕКО на неговата 95-та пленарна седница

(Стразбур, 27 ноември - 1 декември 2023 година)

Ч Е Т В Р Т К Р У Г Н А Е В А Л У А Ц И Ј А


Секретаријат на ГРЕКО
Совет на Европа
F-67075 Стразбур Цедекс
☎ +33 3 88 41 20 00

www.coe.int/greco

Генерален директорат за I човекови права и владеење на правото
Директорат за информатичко општество
и дејствување против криминал

## I. ВОВЕД

1. Вториот адендум на Вториот извештај за усогласеност ги оценува мерките што ги преземаат властите на Северна Македонија за спроведување на препораките дадени во Извештајот за евалуација за четвртиот круг на евалуација на државата (види став 2) којшто се однесува на „Спречување корупција кај пратениците, судиите и обвинителите".

2. Извештајот за евалуација за четвртиот круг за Северна Македонија беше усвоен на 62-та пленарна седница на ГРЕКО (6 декември 2013 година), а беше објавен на 17 март 2014 година откако беше одобрен од страна на Северна Македонија. Соодветниот прв Извештај за усогласеност беше усвоен на 72-та пленарна седница на ГРЕКО (1 јули 2016 година), а беше објавен на 12 октомври 2016 година.

3. Во Вториот извештај за усогласеност усвоен од страна на ГРЕКО на неговата 80-та пленарна седница (22 јуни 2018 година) и објавен на 9 август 2018 година откако беше одобрен од страна на Северна Македонија, беше заклучено дека Северна Македонија имплементирала во задоволителна мера или постапила на задоволителен начин по шест од 19-те препораки содржани во Извештајот од четвртиот круг на евалуација. ГРЕКО сметаше дека нивото на усогласеност е „генерално незадоволително", па одлучи да ја примени постапката за „неусогласеност".

4. Времениот извештај за усогласеност беше усвоен од страна на ГРЕКО на неговата 85-та пленарна седница (25 септември 2020 година), а беше објавен на 2 октомври 2020 година, откако беше одобрен од страна на Северна Македонија. Беше заклучено дека Северна Македонија имплементирала во задоволителна мера или постапила на задоволителен начин по девет од 19-те препораки содржани во Извештајот за евалуација од четвртиот круг. Следствено, нивото на усогласеност веќе не се сметаше за „генерално незадоволително" во смисла на ревидираното правило 31, став 8.3 од Деловникот, па ГРЕКО ја прекина „постапката за неусогласеност" согласно правилото 32.

5. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, усвоен од ГРЕКО на неговата 90-та пленарна седница (25 март 2022 година), а објавен на 4 јули 2022 година откако беше одобрен од страна на Северна Македонија, беше забележан само скромен напредок. Девет од 19-те препораки биле имплементирани во задоволителна мера или било постапено по нив на задоволителен начин, девет препораки биле делумно имплементирани, а една препорака не била имплементирана.

6. Согласно Деловникот на ГРЕКО, властите на Северна Македонија доставија Ситуациски извештај со дополнителни информации во врска со мерките преземени со цел за имплементирање на десетте препораки коишто преостануваат, а коишто, согласно Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, се имплементирале делумно или воопшто не биле имплементирани. Ситуацискиот извештај беше примен на 5 април 2023 година и послужи како основа за овој Втор адендум на Вториот извештај за усогласеност.

7. ГРЕКО ги избра Ерменија (во однос на парламентарните собранија) и Данска (во однос на судските институции) да назначат известувачи за постапката за усогласеност. Известувачите кои беа назначени беа г-а Татевик ХАЧАТРИЈАН (Tatevik KHACHATRYAN) во име на Ерменија и г-н Јонатан ГАСЕХОЛМ (Jonathan GASSEHOLM) во име на Данска. Секретаријатот на ГРЕКО им помогна при изготвувањето на овој Втор адендум на Вториот извештај за усогласеност.

## II. АНАЛИЗА

8. ГРЕКО упати 19 препораки до Северна Македонија во својот Извештај за евалуација. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО заклучи дека препораките vi-xi, xiii, xvii и xix се имплементирани во задоволителна мера или е постапено по нив на задоволителен начин, препораките i-iv, xii, xiv-xvi и xviii се делумно имплементирани, а препораката v не е имплементирана. Усогласеноста со преостанатите 10 препораки е разгледана во продолжение.

*Спречување корупција кај пратениците*

**Препорака i**

9. *ГРЕКО препорача* (i) брзо продолжување со изготвувањето на кодекс на однесување за членовите на Собранието и обезбедување дека идниот кодекс е лесно прифатлив за јавноста; (ii) воспоставување на соодветен механизам во рамките на Собранието, со цел и да се промовира кодексот и се подигне свеста меѓу членовите на Собранието за стандардите кои се очекуваат од нив, но исто така и да се спроведуваат таквите стандарди каде што е потребно.

10. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО ја нотира изработката на нацрт-верзијата на Кодексот за етичко однесување на пратениците и Упатството за негова примена. И покрај тоа што нацрт-Кодексот и Упатството претставуваа соодветна рамка за унапредување на интегритетот и регулирање на етичкото однесување на пратениците, ГРЕКО сметаше дека им е неопходно понатамошно усовршување и рационализирање за да станат попривлечни за корисниците, отстранување на непотребната содржина и обезбедување јасност и кохерентност на соодветните одредби. ГРЕКО со задоволство гледаше на активностите за подигање на свеста кај пратениците за унапредување на интегритетот и регулирање на етичкото однесување, но забележа дека тие ќе треба да се приспособат на новите Кодекс и Упатство откако истите ќе стапат во сила.

11. Властите сега посочуваат дека Собранието ги подобри Кодексот и Упатството за пратениците, особено со помош на ревидирање и допрецизирање на целиот текст на Кодексот. Во поглед на воспоставувањето соодветен механизам за промовирање на Кодексот и подигање на свесноста на пратениците, Програмата за парламентарна поддршка изготви план за обука на пратениците за спроведувањето на Кодексот. Планот се усвои на 20 март 2023 година на 14-тата седница на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието. Планот обезбедува континуитет на активностите за обука на пратениците и овозможи подигање на свесноста за стандардите поврзани со етика и интегритет. Програмата за парламентарна поддршка помогна и во обучувањето обучувачи што се реализира за 12 вработени во Парламентарниот институт, коишто, пак, ќе ја реализираат идната обука на пратениците.

12. ГРЕКО го нотира и поздравува напредокот направен при рационализирањето на Кодексот за етичко однесување на пратениците, којштo сега е кохерентен и веќе нема непотребна содржина. Со задоволство гледа и на осмислувањето на обуката за пратеници за примена на Кодексот и обуката за обучувачи со цел во иднина да се обезбеди свесност за стандардите поврзани со етика и интегритет, коишто сега се усогласуваат со новите Кодекс и Упатства.

13. ГРЕКО, од таа причина, заклучува дека препораката i е имплементирана во задоволителна мера.

**Препорака ii**

14. *ГРЕКО препорача* да се развијат интерни механизми и водичи во рамките на Собранието во однос на превенцијата на судир на интереси и прифаќање на подароци, гостољубивост и други погодности и соодветно да се мониторира постапувањето по овие правила.

15. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО нотираше дека нацрт-верзијата на Кодексот за етичко однесување на пратениците и придружното ново Упатство содржат детални одредби за судир на интереси, подароци, гостопримство и други погодности, согласно препораката. Меѓутоа, беше неопходно Кодексот (којшто треба да ги обедини сите важечки правила) и Упатството (коешто треба само да претстави образложенија и примери поврзани со правилата) јасно да се одделат, а тоа не беше направено и се создаде забуна. Освен тоа, начелото на отчетност не беше вклучено во клучните етички начела/вредности и не беа одредени механизми за усогласеност. ГРЕКО исто така забележа дека иако беа предвидени доверливо советување и менторство, не се прецизира на кои собраниски тела им се доделени овие функции. Покрај тоа, неопходно беше да се појаснаи функционирањето на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието, како и нејзината улога во новата рамка составена од новите Кодекс и Упатство.

16. Властите сега посочуваат дека Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на својата 14-та седница одржана на 20 март 2023 година потсети дека Кодексот за етичко однесување на пратениците е изготвен врз основа на Седумте начела на јавниот живот кои се применуваат во Обединетото Кралство и кои беа приспособени на националниот контекст во Северна Македонија. Тука се вбројуваат: посветеноста на јавниот интерес и демократските вредности, објективноста и праведноста, еднаквоста, отвореноста, отчетноста и транспарентноста, заемната почит, интегритетот, ефикасноста и економиката и лидерството. Во однос на начелото на отчетност, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието укажува дека истото е вклучено во Кодексот и дека пратениците се обврзани редовно да ги известуваат граѓаните во своите изборни единици и пошироката јавност за својата работа, своето резонирање во процесот на носење одлуки, своите иницијативи и дека се должни да бидат отворени за соработка со медиумите. Во однос на тоа кои парламентарни тела ја вршат функцијата на доверливо советување и менторство, властите истакнуваат дека оваа функција треба првенствено да се утврди со новиот собраниски Деловник, кој е во тек на подготовка. Што се однесува на функционирањето на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието, властите образложуваат дека нејзиното делување согласно постојниот Кодекс се заснова исклучиво на писмен извештај.

17. ГРЕКО ја нотира оваа информација. Сега е направена јасна поделба помеѓу Кодексот и Упатството, а начелото на отчетност е вклучено во Кодексот. ГРЕКО нотира и дека функцијата на доверливо советување и менторство ќе се обработува во новиот собраниски Деловник кој треба да се усвои, но истакнува дека сè уште не е посветено внимание на прашањето за воспоставување на механизам за усогласеност што е споменато во Кодексот.

18. Оттука, ГРЕКО заклучува дека препораката ii останува делумно имплементирана.

**Препорака iii**

19. *ГРЕКО препорача* воведување на правила за односите на пратениците со лобистите и трети лица кои настојуваат да влијаат врз законодавниот процес.

20. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО го поздрави вклучувањето на правилата, објаснувањата и примерите за интеракцијата на пратениците со лобистите во нацрт-верзијата на Кодексот за етичко однесување и Упатството и беше генерално задоволен со новата регулаторна рамка што е во изработка, со исклучок на воведниот дел од Упатството во којшто се чини дека лобистите се претставени само како странски лица, а тоа е недостаток кој треба да се коригира. ГРЕКО забележа и дека Законот за лобирање предвидува обврска законодавната власт да воспостави интерни правила и процедури за регулирање на контактите со лобистите, но ова не беше реализирано.

21. Властите сега посочуваат дека Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието ја отпочнала подготовката на овие интерни правила и процедури за регулирање на контактите со лобистите со помош на надлежните собраниски служби.

22. ГРЕКО нотира дека задачата за воспоставување внатрешни правила и процедури за регулирање на контактите со лобистите им е зададена на надлежните собраниски служби. Не е обезбедено појаснување во однос на концептот за лобисти вклучен во Упатството за примена на Кодексот (за да се гарантира дека лобистите не се ограничуваат само на странски лица).

23. Оттука, ГРЕКО заклучува дека препораката iii останува делумно имплементирана.

**Препорака iv**

24. *ГРЕКО препорача* да се обезбеди да (i) релевантните закони предвидат санкции за сите повреди кои ги пропишуваат и (2) да се преземат соодветни активности за извршување во сите случаи на повреда на правилата од страна на членовите на Собранието.

25. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО ја забележа намерата, во однос на делот (i) од оваа препорака, за зајакнување на одвраќачкиот ефект на санкциите предвидени со новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) - како дел од идните амандмани на ЗСКСИ. Што се однесува на делот (ii), беа потребни повеќе детали во врска со податоците за извршување со цел да се гарантира казна не само при повреди на процедурална, туку и на материјална основа (спореди со препораката xviii).

26. Властите сега посочуваат дека, во однос на делот (i), во тек е процесот за изготвување предлог за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) и дека засега сѐ уште не се изработени одредби во врска со санкциите.

27. Во поглед на делот (ii), властите известуваат дека ДКСК врши два вида проверка на пратениците во врска со исполнувањето на нивната законска обврска да поднесат анкетен лист за имотна состојба и изјава за интереси: (1) се однесува на обврската на пратениците навремено да поднесат анкетен лист за имотна состојба и изјава за интереси (т.е. 30 дена од нивното стапување на функција или по престанување на мандатот); (2) се однесува на детална проверка која се врши врз основа на член 92 од ЗСКСИ (т.е. врз основа на годишниот план за следење усвоен од страна на ДКСК или врз основа на пријава или, во други случаи, по сопствена иницијатива на ДКСК, доколку е основана). Проверката се состои во споредба и анализа на тоа дали податоците за имотот и интересите

наведени од одреден/а пратеник/чка за него/неа и неговите/нејзините членови на семејството со кои живее во семејна заедница се совпаѓаат со податоците кои другите надлежни институции ги имаат за овие лица (т.е. Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи (за возила), Централниот регистар (сопственост/управување со трговски фирми), Централниот депозитар за хартии од вредност (сопственост на акции/удели) и Управата за јавни приходи (стекнат приход/пријавен данок). Кога нема несовпаѓање помеѓу она што е пријавено од страна на пратеникот (објавено на веб-локацијата на ДКСК) и податоците од базите на податоци и регистрите на наведените надлежни институции, како и во случаите кога пријавениот имот со којшто пратеникот се стекнал за време на својот мандат не е несразмерен со неговиот/нејзиниот редовен приход или приходот на неговите/нејзините членови на семејството, запира постапката пред ДКСК.

28. Досега во сите случаи на ваков вид детална проверка не се утврдени несовпаѓања во однос на имотот пријавен од страна на пратениците и фактичката состојба заснована на податоците добиени од другите надлежни институции. Поради тоа, ДКСК нема поведено постапка за испитување на таква ситуација согласно член 93 од ЗСКСИ. Во 2022 година, за време на редовната проверка на анкетните листови за имотна состојба поднесени од страна на пратениците, јавните обвинители и судиите, ДКСК детектира само една повреда од страна на пратеник (согласно член 45, став 1, ЗСКСИ) за којашто беше покрената прекршочна постапка.

29. ГРЕКО ја нотира оваа информација. Во однос на делот (i) од оваа препорака, забележува дека изготвувањето предлог за измени и дополнувања на ЗСКСИ е во тек и изразува жалење што не се работи на одредби во врска со санкциите. Следствено, овој дел од препораката останува делумно имплементиран.

30. Што се однесува на делот (ii), ГРЕКО ги зема предвид проверките кои ги врши ДКСК во однос на анкетните листови за имотна состојба со коишто се разгледуваат и процедуралните и материјалните повреди со цел да се гарантира примена на соодветни активности за извршување. Оттука, овој дел од препораката е спроведен.

31. ГРЕКО заклучува дека препораката iv останува делумно имплементирана.

*Спречување корупција кај судиите*

**Препорака v**

32. *ГРЕКО препорача, со цел да се зајакне независноста на судството од несоодветно политичко влијание, да се укине членството по службена должност на министерот за правда во Судскиот совет.*

33. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака не е имплементирана. ГРЕКО изрази жалење за континуираниот недостаток на напредок во поглед на оваа препорака.

34. Властите сега упатуваат дека во периодот од 2019 до март 2023 година министерот за правда не учествувал на ниту една седница на Судскиот совет. Член 11, став 4 од Деловникот за работа на Судскиот совет (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 274/2019 и 186/2020 год.) предвидува дека на одредени членови на Судскиот совет, т.е. министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, не им се доставуваат материјалите за работа за постапките во кои не учествуваат. Согласно оваа одредба, министерот за правда не добил никакви информации за предметите во коишто се разгледува

одговорноста на одреден судија и/или претседател на суд или за изборот на одреден судија и/или претседател на суд. Тоа значи дека министерот не може да изврши влијание врз овие постапки. Освен тоа, практикувањето „неучество" на министерот за правда на седниците на Судскиот совет служи како еден вид заштита од можното политичко влијание на министерот врз работата на ова тело. Овој *модус вивенди* ќе се практикува и понатаму сè до усвојувањето на амандман на Уставот со кој ќе се предвидат одредби за исклучување на министерот за правда од составот на Судскиот совет.

35. ГРЕКО ја нотира оваа информација. ГРЕКО е свесен дека оваа препорака изискува уставен амандман и дека иако бил изготвен предлог во врска со ова прашање, тој не поминал успешно во Собранието. Образложенијата дадени од властите се исти како и во претходните извештаи: министерот за правда не учествува на седниците на Судскиот совет. Оттука, не може да изврши никаков притисок врз Судскиот совет.

36. ГРЕКО повторува дека секогаш постои ризик од политичко влијание и при отсуство на формално право на глас, па дури и при отсуство на формално и лично присуство на министерот за правда на состаноците поради што изразува жалење за континуираниот недостаток на напредок во поглед на имплементацијата на оваа препорака.

37. ГРЕКО заклучува дека препораката v останува неимплементирана.

**Препорака xii**

38. *ГРЕКО препорача* (i) дисциплинските повреди кои важат за судиите јасно да се дефинираат и опсегот на санкции да се прошири со цел да се обезбеди поголема пропорционалност и (ii) разрешувањето на судија да биде возможно само за најсериозните видови на повреди со цел да се спречи можноста судијата да биде разрешен само доколку се утврди дека една од неговите одлуки го прекршува правото на судење во разумен рок;

39. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО забележа дека делот (i) од оваа препорака е исполнет. Што се однесува на делот (ii), ГРЕКО претходно ги пофали напорите за реформирање на дисциплинските механизми, согласно предвиденото во Законот за судовите и во Законот за Судскиот совет, изменети и дополнети во 2019 година, и утврди дека системот, на начин како што е замислен со овие закони, во целина е на задоволително ниво. Остана уште елементот на практична примена за да се отстрани каков било сомнеж во однос на пропорционалноста на системот.

40. Властите сега наведуваат дека загриженоста на ГРЕКО за недостатокот на пропорционалност во однос на улогата на Судскиот совет во дисциплинските постапки против судиите е разрешена со член 60 од Законот за Судскиот совет (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2019 год.). На Судскиот совет му се дозволува да ја запре постапката доколку не се докаже основаност за одговорноста на судијата во прашање. Меѓутоа доколку се докаже дека одреден судија (или претседател на суд) сторил потешка дисциплинска повреда или нестручно и несовесно ја вршел судиската функција, може да одлучи да го разреши судијата (или претседателот на судот). Инаку, доколку Судскиот совет ниту ја запре постапката ниту се одлучи за разрешување, ќе

спроведе гласање за примена на дисциплински мерки, кои варираат од најлесни до најтешки.

41. Во 2022 година Судскиот совет изрече четири дисциплински мерки, една во вид на намалување на платата, која се примени во два случаи, и една во вид на писмена опомена, која се примени во други два случаи.[1] Судскиот совет донесе и пет одлуки во 2022 година кои резултираа со разрешување на пет судии.[2]

42. Властите исто така наведуваат дека одлуките на Судскиот совет се разумни и дека го следат субјективниот елемент пропишан со член 74 од Законот за судовите. Во согласност со овој член, судија се разрешува од судиската функција согласно основите предвидени во Законот, доколку повредата е сторена со намера или очигледна небрежност, по вина на судијата без оправдани причини и доколку повредата предизвикала тешки последици.

43. Одлуките на Судскиот совет за избор, унапредување и разрешување судија/претседател на суд се достапни на судскиот портал www.sud.mk.

44. ГРЕКО ја зема предвид дадената информација за примена на дисциплинските законски одредби со кои во пракса се потврдува нивната пропорционалност и заклучува дека препораката xii е имплементирана во задоволителна мера.

*Спречување корупција кај обвинителите*

**Препорака xiv**

45. *ГРЕКО препорача да се воспостави сет на јасни стандарди/кодекс на професионално однесување, придружени со појаснувачки коментари и/или практични примери кои ќе се применуваат на сите обвинители.*

46. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО го поздрави усвојувањето на

[1]Со две одлуки на 15 март 2022 година се изрекоа дисциплински мерки за двајца судии во вид на намалување на платата во висина од 15% и 30% соодветно од месечната плата во траење од шест месеци (член 78, став 1, точка 3 од Законот за судовите). Со одлука на 8 јуни 2022 година се изрече дисциплинска мерка за еден судија во вид на писмена опомена (член 78, став 1, точка 1 и член 74, став 4 од Законот за судовите). Со одлука на 27 септември 2022 година се изрече и дисциплинска мерка за еден судија во вид на писмена опомена (член 75, став 1, точка 4 и член 78, став 1, точка 1 од Законот за судовите).

[2] На 7 април 2022 година донесени се четири одлуки: (1) разрешување судија поради повреди кои ги сторил во својство на в. д. претседател на основен суд (нестручно и небрежно однесување). Судскиот совет утврди постоење злоупотреба на положбата и пречекорување на службените овластувања при распределба на судски предмети (линк); (2) разрешување судија поради потешка дисциплинска повреда што го направила недостоен за вршење на судиската функција. Судскиот совет утврди дека судијата, и покрај очигледниот судир на интереси во конкретна постапка (крвно сродство со адвокатот на една од странките), не се иззел себеси од предметот ниту, пак, побарал да биде изземен од предметот со што сторил потешка дисциплинска повреда која го направила недостоен за вршење на судиската функција. Одлуката е објавена на веб-локацијата на Судскиот совет (линк);(3) разрешување судија во својство на претседател на апелационен суд. Судскиот совет утврди дека судијата небрежно и нестручно ја вршел функцијата поради тоа што одлучил да одбие барање за изземање судија и покрај тоа што постоел неоспорен судир на интереси и тој бил информиран и известен за околностите кои јасно укажувале на законска основа за изземање. Одлуката е објавена на веб-локацијата на Судскиот совет (линк);(4) разрешување судија поради нестручно и небрежно вршење на функцијата. Судскиот совет утврди дека судијата намерно и неоправдано направил крупна професионална грешка со донесување две различни одлуки и применил различни законски одредби за истото барање, во рамки на истата постапка, за истиот конкретен предмет со што создал правна несигурност кај странките. Одлуката е објавена на веб-локацијата на Судскиот совет (линк). Уште една одлука исто така поврзана со разрешување судија поради нестручно и небрежно вршење на функцијата беше донесена на 12 декември 2022 година. Судскиот совет утврди дека судијата намерно и неоправдано направил крупна професионална грешка со одобрување потврди за правосилност и извршност за еден предмет, без притоа да ја земе предвид измената направена со друга пресуда и, во друг предмет, со составување две одлуки со ист датум и број на предмет, едната за усвојување, а другата за повлекување времена мерка.

Етичкиот кодекс со којшто се утврдуваат начелата и правилата на однесување на сите обвинители во Северна Македонија. Советот за етика и понатаму остана одговорно тело за надзор на примената на Кодексот. Советодавни мислења во врска со етичките дилеми коишто не се опфатени со Кодексот може да се побараат од „лицата за интегритет", кои се исклучиво назначени во рамки на обвинителството. Меѓутоа појаснувачките коментари/упатства за Кодексот сѐ уште не беа подготвени.

47. Властите сега известуваат дека во постапките кои досега се воделе пред Советот за етика не се забележани проблеми при примена на одредбите од Етичкиот кодекс. Постојното Упатство за практична примена на Кодексот е соодветна алатка за членовите на Советот за етика да донесат одлуки без тешкотии, како и за доследната примена на Кодексот од страна на јавните обвинители.

48. ГРЕКО ја зема предвид оваа информација и забележува дека доколку постојното Упатство за примена на Кодексот се докажало како доволно јасно, се чини дека нема потреба од понатамошни појаснувачки коментари.

49. ГРЕКО заклучува дека препораката xiv е имплементирана во задоволителна мера.

**Препорака xv**

50. *ГРЕКО препорача да се развијат правила и стандарди за обвинителите во однос на прифаќањето на подароци, гостољубивоста и други предности и да се врши соодветен надзор над примената на овие правила.*

51. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО ги поздрави подобрувањата во однос на регулирањето подароци, но забележа дека концептот „гостопримство" не е експлицитно опфатен во Кодексот. Освен тоа, различните правила поврзани со подароци, настрана од правилата опфатени во Етичкиот кодекс на обвинители, беше потребно да се усогласат (на пример, во однос на важечкиот праг за прифатливи протоколарни подароци).

52. Властите сега посочуваат дека во членот 7 од Етичкиот кодекс на јавните обвинители се дефинира поимот „нематеријална корист", кој го вклучува и поимот „гостопримство" во смисла во којашто ГРЕКО изискува да се дефинира: „Под нематеријална корист се подразбира секоја корист за јавниот обвинител или нему блиско лице, која не се обезбедува со плаќање, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и одредбите од овој Кодекс. Нематеријалната корист, исто така подразбира попуст во цени и услуги поради функцијата на јавниот обвинител, како и бесплатен професионален совет на јавниот обвинител". Сепак, за да се обезбеди јасност во врска со ова прашање, на 8 ноември 2023 година Советот на јавни обвинители усвои амандмани на Етичкиот кодекс на јавните обвинители исклучиво за да се наведе поимот „гостопримство" во членот 7. Што се однесува на усогласувањето на различните правила поврзани со подароци, властите се повикуваат на новиот „Правилник за примање и располагање и евиденција за примени подароци на јавните обвинители при протоколарни настани" усвоен на 5 септември 2023 година, со којшто се усогласуваат различните правила за подароци за обвинители.

53. ГРЕКО го зема предвид појаснувањето дадено од страна на властите дека под поимот „подароци" се вклучува и гостопримство. Исто така, различните правила за подароци за обвинители, согласно содржината на различни текстови, сега се

целосно усогласени во новиот „Правилник за примање и располагање и евиденција за примени подароци на јавните обвинители при протоколарни настани".

54. ГРЕКО заклучува дека препораката xv е имплементирана во задоволителна мера.

**Препорака xvi**

55. *ГРЕКО препорача да се ревидира дисциплинскиот режим кој се применува за обвинителите со цел (1) јасно да се дефинираат повредите и (2) да се прошири опсегот на санкциите со цел да се постигне поголема пропорционалност а особено да се обезбеди да разрешувањето на обвинителите биде возможно само за најсериозните случаи на повреди.*

56. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО забележа дека со Законот за јавното обвинителство се предвидува стеснување, а не проширување на опсегот на санкции кои се достапни за дисциплински повреди сторени од страна на обвинителитте. Меѓутоа, во тој поглед се очекуваа понатамошни законодавни реформи.

57. Властите сега посочуваат дека оваа препорака ќе биде земена предвид при изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство.

58. ГРЕКО ја нотира оваа информација и ги охрабрува властите на Северна Македонија да го изменат и дополнат Законот за јавното обвинителство земајќи ја предвид оваа препорака што е можно поскоро.

59. ГРЕКО заклучува дека препораката xvi останува делумно имплементирана.

*Спречување корупција кај сите категории*

**Препорака xviii**

60. *ГРЕКО препорача да се воспостават соодветни правни, институционални и оперативни мерки кои ќе обезбедат попродлабочено испитување на изјавите за интереси и анкетните листови поднесени од страна на членовите на Собранието, судиите и обвинителите, особено со реструктурирање на процесот на верификација под водство на Државната комисија за спречување на корупција.*

61. Во Адендумот на Вториот извештај за усогласеност, ГРЕКО оцени дека оваа препорака е делумно имплементирана. ГРЕКО ги зеде предвид податоците обезбедени за надзорот којшто го врши Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) врз содржината на анкетните листови доставени од страна на пратениците, судиите и обвинителите, кои се чини дека укажуваат на големо ниво на усогласеност со обврската за известување од страна на сите три професионални групи благодарение на административните проверки извршени од ДКСК. Сепак, длабинска проверка од страна на ДКСК е предвидена само за анкетните листови на ограничен број судии и обвинители. Најголемиот дел повреди беа утврдени само на чисто процедурална основа, а не со длабинска проверка. Информациите во врска со попродлабочена проверка на изјавите за интереси беа обезбедени само за дел од пратениците.

62. Властите сега укажуваат на тоа дека ДКСК врши два вида проверка на пратениците, судиите и јавните обвинители за да согледа дали ја исполнуваат законската обврска за поднесување анкетен лист за имотната состојба и изјава

за судир на интереси: (1) се однесува на обврската на овие функционери навремено да поднесат анкетен лист за имотна состојба и изјава за интереси (т.е. 30 дена од нивното стапување на функција/по престанување на мандатот); (2) се однесува на детална проверка која се врши врз основа на член 92 од ЗСКСИ (т.е. врз основа на годишниот план за следење усвоен од страна на ДКСК или врз основа на пријава или, во други случаи, по сопствена иницијатива на ДКСК, доколку е основана) - за повеќе детали, види ја препораката iv погоре.

63. Властите посочија дека ДКСК се обратила до Управата за финансиска полиција заради вршење финансиски проверки кои се во нејзина надлежност (финансиски трансакции, банкарски сметки итн.) за пет судии. ДКСК била информирана дека не бил утврден непропорционално зголемен имот за три од петте судии поради што постапката била запрена, додека постапката е сè уште во тек за другите два предмети.

64. <u>ГРЕКО</u> ја зема предвид оваа информација, особено за вториот вид проверка на пратеници, судии и обвинители, а тоа е длабинско испитување. Ова испитување се врши врз основа на годишниот план за следење усвоен од страна на ДКСК или врз основа на пријава или, во други случаи, по сопствена иницијатива на ДКСК, доколку е основана. Забележува и дека ваква проверка се извршила и за петте горенаведени судии, не само за пратениците.

65. <u>ГРЕКО заклучува дека препораката xviii е имплементирана во задоволителна мера.</u>

## III. <u>ЗАКЛУЧОЦИ</u>

66. **Имајќи го предвид горенаведеното, може да се забележи напредок во имплементацијата на препораките упатени до Северна Македонија со Извештајот за евалуација за четвртиот круг на евалуација.** Четиринаесет од деветнаесет препораки се имплементирани во задоволителна мера или по нив е постапено на задоволителен начин, четири препораки се делумно имплементирани, а една препорака не е имплементирана.

67. Поконкретно, препораките i, vi, vii, viii, ix, x, xi, xii, xiii, xiv, xv, xvii, xviii и xix се имплементирани во задоволителна мера или по нив е постапено на задоволителен начин, препораките ii, iii, iv и xvi се делумно имплементирани, а препораката v не е имплементирана.

68. <u>Во однос на пратениците</u>, властите се повикуваат на напредокот во однос на рационализирањето на Кодексот за етичко однесување на пратениците, како и на развојот на програмата за обука на пратениците за примена на Кодексот и обуката за обучувачи заради идно подигање на свесноста за стандардите поврзани со етика и интегритет. Сè уште се работи на други промени. Ќе се обрне особено внимание на доверливото советување и менторство во идниот нов собраниски Деловник, а интерните правила за Законот за лобирање се во подготовка во рамки на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието. ГРЕКО изразува жалење што нема подобрување во поглед на системот на санкционирање предвиден со ЗСКСИ.

69. Што се однесува на <u>судството</u>, ГРЕКО ја повторува загриженоста во врска со членството по службена должност на министерот за правда во Судскиот совет.

70. Во однос на <u>обвинителите</u>, единствената преостаната препорака се однесува на проширување на опсегот на санкции кои се достапни за дисциплински повреди сторени од страна на обвинителите. Властите посочуваат дека оваа препорака

ќе биде земена предвид при изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство. За таа цел, ГРЕКО би сакал да ги охрабри властите да го сторат тоа што е можно поскоро.

71. Со усвојувањето на овој Втор адендум на Вториот извештај за усогласеност се комплетира постапката за четвртиот круг на евалуација на Северна Македонија. Сепак, властите на Северна Македонија можат да го известат ГРЕКО за идни промени во однос на имплементацијата на преостанатите препораки ii, iii, iv, v и xvi.

72. Конечно, ГРЕКО ги повикува властите на Северна Македонија да го одобрат, што е можно побрзо, објавувањето на извештајот, да го преведат на националниот јазик и да го објават преводот.